Во конкретното решение РКЕ ја утврди просечна тарифа за водната услуга – снабдување со вода за пиење или водоснабдување и истата изнесуваше 17,54 ден/м3 за 2024 год., 21,90 ден/м3 за 2025 год. и 22,82 ден/м3 за 2026 год.

Исто така РКЕ утврди минимален и максимален дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа кој ЈКП,,Пролетер,,-Ресен треба да го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифа за водна услуга и истиот изнесуваше 12,42% за 2024 год, 19,85% за 2025 год и 26,44% за 2026 год.

ЈКП,,Пролетер,,-Ресен имајќи го во предвид погоренаведеното, а согласно чл.13 ст.10 од Законот за утврдување на цените за водни услуги, навремнено во определениот рок го достави конкреното решение до Управниот Одбор (УО) на претпријатието со цел истиот како највисок орган на управување да донесе конкретна одлука за утврдување на цена за конкретната водна услуга.

УО согласно препораката од РКЕ при определување на цената на водната услуга снабдување со вода за пиење имаше во предвид да цената на водната услуга не го надминува прагот на достапност одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домакинство во подрачјето во кое се обезбедува услугата.

УО при донесувањето на одлуката за утврдување на цената за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период од 2024-2026 год. од дадените предлог дозволени тарифи на РКЕ: минимана просечна тарифа, просечна тарифа и максимална просечна тарифа ја земе во предвид максималната просечна тарифа.

Ваквата максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства.

Општ заклучок на УО беше следново, а тоа е дека со донесувањето на една ваква одлука од една страна се исполнуваат обврските предвидени во Законот, од друга страна се исполнуваат и целите предвидени со истиот, а тоа се: воспоставување самоодржлив систем на водни усллуги со крајна цел поврат на трошоците, обезбедување на цени на водните услуги кои ќе бидат достапни на просечното семејство, подобрување на квалитетот на водни услуги, проследено со нјдобрите достапни практики, целосна примена на начелото загадувачот/корисникот плаќа и начелото на трошоци на ресурсот како и обезбедување на што подобри водни услуги со помалку трошоци.

Имајќи го во предвид погоренаведеното, Управниот одбор на ЈКП,,Пролетер,,-Ресен следуваше да донесе одлука како во дисозитивот.

07.02.2024 год.
Ресен

Претседател на УО
Наце Ѓорѓиевски

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 23.05.2024 година.

Бр.09-1080/9
29.05.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) а во врска со член 24 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен, на седницата одржана на 23.05.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен со бр.02-195/4 од 16.05.2024 година, донесена од страна на Управниот Одбор на ЈКП “Пролетер“ Ресен.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

| | |
|---|---|
| Бр.08-1024/12 | Претседател |
| 23.05.2024 година | Ирена Стрезовска  Кукуловска  с.р. |
| Ресен | |

...претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 02-195/4
16 05 2024 год.
РЕСЕН


# ЈКП “ПРОЛЕТЕР” - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; факс:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpproleter@gmail.com


Врз основа на чл.16 ст.1 т.10 од Статутот на ЈКП,,Пролетер,,-Ресен бр.01-31/1 од 20.05.1998 год., а во врска со чл.19 ст.2 т.7 од Законот за јавните претпријатија (сл.в.бр.38/96.........274/22), чл.21 ст.1, т.2, а в.в со чл.25 ст.1 и ст.2 т.1 од Законот за комуналните дејности (сл.в.бр.95/12........302/20), чл.24 ст.1 и чл.25 ст.1 од Законот за јавна чистота (сл.в.бр.111/08........122/21), Управниот Одбор на претпријатието на својата 23 (дваесет и трета) седница која се одржа на ден 16.05.2024 год. ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен

Член 1.

СЕ УТВРДУВА висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен кој давателот на услуга ќе го наплаќа од корисниците на услуга на конкретното подрачје и тоа:

| **Категорија на корисник** | **Висина на надоместок** |
|---|---|
| Индивидуално домакинство (физички лица – сопственик/корисник на стамбен простор) | 120,00 денари +ДДВ паушал/месечно |
| Комерцијален, индустриски или институционален потрошувач (правни лица-сопственик/корисник – деловен простор) | 360,00 денари +ДДВ паушал/месечно |

Член 2.

Висината на надоместокот се утврдува согласно Закон во зависност од видот и обемот на објектот, степенот на изграденост и опременост, локација и степенот и видот на услугата како и во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржување на јавните површини во конкретното подрачје.

Член 3.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува по добивање на согласност на истата од страна на Советот на Општина Ресен.

# О б р а з л о ж е н и е

ЈКП„Пролетер„-Ресен меѓу другите комунални дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен е овластен давател на услугата – одржување на јавната чистота на јавните површини во градот Ресен.

Конкретната услуга согласно ЗКД е комунална услуга за задоволување на заедничката потрошувачка која опфаќа континуиран процес кој обезбедува чистење (метење и миење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти, отстранување на создаден отпад од одржување на јавните површини, негово сместување во садови како и чистење на снег во зимски услови.

За да истата се користи и одржува, Законот (ЗКД и ЗЈЧ) предвидува надоместок кој давателот го плаќа од физички и правни лица - корисниците на станбен и деловен простор на конкретното подрачје како еден од основните извори за финансирање на дејноста.

Имајќи во предвид дека изминатиот период беше период на преголема инфлација (со во континуитет зголемени трошоци за плати, за горива, за репро материјали, алат и тн)., а згора на зголемен е и обем на работа во контекст на појавата од потреба од дополнително уредување (партерно и хортикултурно) на централното градско подрачје, исто така се појави потреба од дополнително одржување на нови јавни површини (детски и игралишта во градот), беа причина за поведување на иницијатива за корекција на досегашните цени/надоместоци за конкретната комунална дејност.

Токму поради погоренаведеното, а со цел обезбедување на континуитет во вршењето на дејноста согласно програмата за одржување на јавната чистота за 2024 год. во смисла редовно, навремено вршење на дејноста на претпријатието, општ заклучок на УО беше следново, а тоа е дека со донесувањето на една ваква одлука од една страна се исполнуваат обврските предвидени во Законот, од друга страна се исполнуваат и целите предвидени со истиот, а тоа се: воспоставување самоодржлив систем на услуга со крајна цел поврат на трошоците, подобрување на квалитетот на услугата, проследено со најдобрите достапни практики, следствено на што се одлучи да се донесе погоренаведената одлука со која се врши корекција на висината на надоместокот кој го предвидува Законот, а била определеиа со претходна одлука и истите не кореспондираат со реалните цени кои би ги покривале реалните трошоци за вршење на дејноста.

16.05.2024 год.
Ресен

ЈКП ПРОЛЕТЕР Ресен

Претседател на УО
Илије Ѓорѓиевски

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на гробно место (гробарина), висината на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и висината на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на гробно место (гробарина), висината на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и висината на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 23.05.2024 година.

Бр.09-1080/10
29.05.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) а во врска со член 9 став 9 од Законот за гробишта и погребални услууги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен, на седницата одржана на 23 .05.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на гробно место (гробарина), висината на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и висината на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на гробно место (гробарина), висината на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и висината на

надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен со бр.02-195/5 од 16.05.2024 година, донесена од страна на Управниот Одбор на ЈКП “Пролетер“ Ресен.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1024/13 — Претседател
23.05.2024 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р.
Ресен

...Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 02-195/5
16 05 2024 год.
РЕСЕН


# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpproleter@gmail.com


Врз основа на чл.16 ст.1 т.10 од Статутот на ЈКП,,Пролетер,,-Ресен бр.01-31/1 од 20.05.1998 год., а во врска со чл.19 ст.2 т.7 од Законот за јавните претпријатија (сл.в.бр.38/96.........274/22), чл.21 ст.1, т.2 , а в.в со чл. чл.25 ст.1 и ст.2 т.2 од Законот за комуналните дејности (сл.в.бр.95/12........302/20), чл.37, а во в.в со чл.9 ст.7-9, чл.17 ст.1, т.8-9, чл.18 ст.5 и чл.19 ст.3 од Законот за гробишта и погребални услуги (сл.в.бр.86/08........31/16), Управниот Одбор на претпријатието на својата 23 (дваесет и трета) седница која се одржа на ден 16.05.2024 год. ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

**со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на гробно место (гробарина), висината на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и висината на надоместокот за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен**

Член 1.

СЕ УТВРДУВА висина на надоместок за одржување на гробно место (гробарина), во градот Ресен кој управителот на гробишта ќе го наплаќа од носителот на гробно место во износ од 100,00 денари +ДДВ / за гробно место.

Член 2.

СЕ УТВРДУВА висина на еднократен надоместок за доделување на употреба на гробно место во град Ресен кој управителот на гробишта ќе го наплаќа од носителот на гробно место со кој ќе склучи договор и тоа во износ од 21.000,00 денари + ДДВ / за гробно место.

-(бетонска рамка со димензии: должина/280 см и ширина/160 см, со шематски приказ за 1 и 2 гробни места, даден во прилог и истиот составен дел од одлуката).

Член 3.

СЕ УТВРДУВА висина на надоместок за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен кој управителот на гробишта ќе го наплаќа од операторите на погребални услуги со кој ќе склучи договор согласно Закон во износ од 1.500,00 денари +ДДВ / за погреб.

Член 4.

СЕ УТВРДУВА висина на надоместокот за пристап и користење на комунална инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен кој управителот на гробишта ќе го наплаќа од каменорезачите со кој ќе склучи договор согласно Закон во износ од 1.000,00 денари + ДДВ / за час.

Член 5.

Висината на надоместокот се определува согласно реалните трошоци за одржување на гробиштата, трошоците настанати од изготвување на планот за парцелизација, материјалните трошоци за изградба на инфраструктурата и во зависност од местоположбата и големината на гробното место, бројот на гробни места, времето на користење на комунална инфраструктура на гробиштата и придружните објекти и др.параметри утврдени со Закон.

Член 6.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува по добивање на согласност на истата од страна на Советот на Општина Ресен.

Член 7.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за утврдување на димензии и цена на гробно место бр.02-866 од 31.12.2009 год. и одлуката за утврдување на висината и наплата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштатат од страна на операторите за погребални услуги и каменорезачите бр.03-1144 од 24.09.2010 год. донесени од УО на ЈКП„Пролетер„-Ресен.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈКП„Пролетер„-Ресен како управител на градските гробишта во град Ресен согласно Законот за гробишта и погребални услуги има законска обврска да ја определи висината на погоре наведените надоместоци.

Истите согласно чл.37 од ЗГИПУ се еден од основните таксативно предвидени извори во законот од каде се врши финансирањето на комуналната дејност одржување на гробишта која опфаќа одржување, изградба, реконструкција и тн. што пак подразбира тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата преку изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговата употреба.

Имајќи во предвид дека изминатиот период беше период на економска и енергетска криза, период на преголема инфлација (со во континуитет зголемени трошоци за плати, за горива, за репро материјали, алат и тн)., а згора на тоа се појави потребата од дополнително уредување (инфрастриуктурно, урбанистичко, партерно и хортикултурно уредување) на нова парцела со намена за градски гробишта, беа причина за поведување на иницијатива за корекција на досегашните цени/надоместоци за конкретната комунална дејност.

Токму поради погоренаведеното, а со цел обезбедување на континуитет во вршењето на дејноста согласно програмата за одржување и уредување на градските гробишта за 2024 год. во смисла редовно, навремено вршење на дејноста на претпријатието, општ заклучок на УО беше следново, а тоа е дека со донесувањето на една ваква одлука од една страна се исполнуваат обврските предвидени во Законот, од друга страна се исполнуваат и целите предвидени со истиот, а тоа се: воспоставување самоодржлив систем на услуга со крајна цел поврат на трошоците, подобрување на квалитетот на услугата, проследено со најдобрите достани практики следствено на што се одлучи да се донесе погоренаведената одлука со која се врши корекција на висината на надоместоците кои ги предвидува Законот, а била определеиа со претходна одлука во 2009 и 2010 год. и истите не кореспондираат со реалните цени кои би ги покривале реалните трошоци за одржување на објектот – гробишта.

16.05.2024 год.
Ресен

Претседател на УО
Нане Ѓорѓиевски

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместоците за вршење на услуги кои давателот ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица), а се поврзани со редовно вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместоците за вршење на услуги кои давателот ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица), а се поврзани со редовно вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 23.05.2024 година.

Бр.09-1080/11
29.05.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) а во врска со член 22 став 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен, на седницата одржана на 23.05.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместоците за вршење на услуги кои давателот ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица), а се поврзани со редовно вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместоците за вршење на услуги кои давателот ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица), а се поврзани со редовно вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен со бр.02-195/3 од 16.05.2024 година, донесена од страна на Управниот Одбор на ЈКП “Пролетер“ Ресен.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1024/14
23.05.2024 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р.

Јавно комунално претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 02-195/3
16.05.2024 год.
РЕСЕН

ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН
Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpproleter@gmail.com

Врз основа на чл.16 ст.1 т.10 од Статутот на ЈКП,,Пролетер,,-Ресен бр.01-31/1 од 20.05.1998 год., а во врска со чл.19 ст.2 т.7 од Законот за јавните претпријатија (сл.в.бр.38/96.........274/22), чл.21 ст.1, т.6 од Законот за комуналните дејности (сл.в.бр.95/12........302/20), Управниот Одбор на претпријатието на својата 23 (дваесет и трета) седница која се одржа на ден 16.05.2024 год. ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

со која се утврдува висината на надоместоци за вршење на услуги кои давателот на услуга ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица), а се поврзани со редовното вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен

Член 1.

СЕ УТВРДУВА висината на надоместоци кои ќе ги наплаќа за вршење на услуги кои давателот на услуга ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица) по нивно барање, а се поврзани со редовното вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен и тоа:

| УСЛУГИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ ВОДОВОД | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр. | Вид на услуга/извршена работа | Ед. мерка | Цена без ДДВ |
| 1. | Монтирање, демонтирање или замена на водомер<br>• До 3 км<br>• Над 3 км | Бр.<br>Км. | 500 денари<br>700 денари |
| 2. | Промена на механизам/стакло на водомер<br>• До 3 км<br>• Над 3 км | Бр. | 300 денари<br>500 денари |
| 3. | Промена на вентил после водомер<br>• До 3 км<br>• Над 3 км | Бр. | 300 денари<br>500 денари |
| 4. | Издавање графички приказ на инсталација по барање за хидротехнички услуги за индивидуални објекти-за сите видови на барања по овај основ-Барањето се наплаќа само при ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ | Бр | 1000 денари |
| 5. | Користење на водна пумпа за црпење на вода<br>Надвор од Ресен | час | 1000 денари Плус 60ден/Км |
| 6. | Вршење на услуга со равокопач вон работно време(со голем ровокопач)<br>Надвор од Ресен | час<br>км | 3500 денари Плус 60ден/Км |
| 7. | Вршење на услуга со равокопач во работно време (со голем ровокопач)<br>Надвор од Ресен | час<br>км | 3000 денари Плус 60ден/Км |
| 8. | Вршење на услуга со равокопач вон работно време(со мал | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ровокопач)<br>Надвор од Ресен | час<br>км | 2500 денари Плус 60ден/Км |
| 9. | Вршење на услуга со равокопач во работно време(со малровокопач)<br>Надвор од Ресен | час<br>км | 2000 денари Плус 60ден/Км |
| 10. | Сечење на асвалт<br>Надвор од Ресен | Метар<br>км | 400 денари Плус 60ден/Км |
| 11. | Сечење на бетон<br>Надвор од Ресен | Метар<br>км | 400 денари Плус 60ден/Км |
| 12. | Услуга со машина (жаба) за набивање<br>Надвор од Ресен | Час<br>км | 1000 денари Плус 60ден/Км |
| 13. | Рачно местење на коцки или бекатон плочки за потребите на Општина Ресен<br>Надвор од Ресен | $M^2$<br>км | 500 денари Плус 60ден/Км |
| 14. | Рачно местење на ивичњаци за потребите на Општина Ресен | метар | 200 денари |
| 15. | Услуга со хилта<br>Надвор од Ресен | Час<br>Км | 1500 денари Плус 60ден/Км |
| 16. | Услуга со агрегат<br>Надвор од Ресен | Час<br>км | 1000 денари Плус 60ден/Км |
| 17. | Услуга со ФАП 1620-носење на вода 9м3<br>Надвор од Ресен | Тура<br>км | 5000 денари Плус 60ден/Км |
| 18. | Користење на опрема за детектирање/лоцирање на метална цевка<br>Надвор од Ресен | Бр.<br>км | 800денари Плус 60ден/Км |
| 19. | Користење на опрема за детектирање/лоцирање на дефект<br>Надвор од Ресен | Бр.<br>км | 2000денари Плус 60ден/Км |

| УСЛУГИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ КАНАЛИЗАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр. | Вид на услуга/извршена работа | Ед. мерка | Цена без ДДВ |
| 1. | Приклучок на канализациона мрежа за физички лица | Бр. | 2000 денари |
| 2. | Приклучок на канализациона мрежа за правни лица | Бр. | 4500 денари |
| 3. | Отпушување на канализација на физичко лице | Час | 1000 денари |
| 4. | Отпушување на канализација на Правно лице | Час | 1500 денари |
| 5. | Чистење на септичка јама на домакинства<br>• До 3км<br>• Над 3 км | Тура<br>км | 2500 денари<br>Плус 60ден/Км |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Чистење на септичка јама на правни лица<br>• До 3км<br>• Над 3 км | Тура км | 3500 денари Плус 60ден/Км |
| 7. | Користење на опрема (камера) за проверка на канализациона мрежа | Бр. | 2000денари |

**УСЛУГИ ОД ОДДЕЛЕНИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И ЈПП**

| Ред бр. | Вид на услуга/извршена работа | Ед. мерка | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Вршење на услуга со трактор со ангажман на работници Надвор од Ресен | Тура км | 2300 денари Плус 60ден/Км |
| 2. | Вршење на услуга со трактор без ангажман на работници Надвор од Ресен | Тура км | 1500 денари Плус 60ден/Км |
| 3. | Уредување на зелени површина за потребите на Општина Ресен (надвор од годишната програма) | час | 200 денари |
| 4. | Косење трева со косачка за физичко лице | М2 | 30 денари |
| 5. | Косење трева со косачка за правно лице | М2 | 60 денари |
| 6. | Метење на јавно прометни површини за потребите на општина Ресен (надвор од годишната програма ) | М2 | 0.20 денари |
| 7. | Миење на јавно прометни површини за потребите на Општина Ресен(надвор од годишната програма) | М2 | 0.60 денари |
| 8. | Услуга со специјално возило за изнесување на отпад Надвор од Ресен | тура | 3000 денари Плус 60ден/Км |
| 9. | Услуга со метларка | час | 3000 денари |
| 10 | Услуга со тример косачка Надвор од Ресен | 1резервоар км | 1000 денари Плус 60ден/Км |
| 11 | Изнесување на комунален отпад (создаден од комерцијална индустриска и административна дејност) Надвор од Ресен | М3 | 400 денари Плус 60ден/Км |

Член 5.

| КОРИСТЕЊЕ НА ДЕПОНИЈА<br>за депонирање на комунален отпад | | | |
|---|---|---|---|
| Ред бр. | Вид на услуга/извршена работа | Ед. мерка | Цена без ДДВ |
| 1. | Трактор со приколица | Бр. | 1000денари |
| 2. | Возило со носивост од 3-6м3 | Бр. | 1500денари |
| 3. | Возило со носивост од 6-14м3 | Бр. | 2000денари |
| 4. | Возило со носивост над 14м3 | Бр. | 2500денари |

Член 6.

Висината на надоместоците се утврдува согласно реалните трошоци и искуствата од најдобрите достапни практики, вклучително имајќи го во предвид видот и обемот на работа, оддалеченоста на локацијата, степенот и видот на услугата, површина, количината, време на извршување на услугата и други параметри.

Член 7.

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува по добивање на согласност на истата од страна на Советот на Општина Ресен.

Член 8.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одлуката за утврдување на цени за користење на депониај од други лица бр.02-396/8 од 02.10.2020 год., одлуката за утврдување на цени за користење од обласа на канализацијата бр.02-396/7од 02.10.2020 год., одлуката за утврдување на цени за услуги извршени со комунални специјални возила или други алатки и опрема бр.02-396/6 од 02.10.2020 год., сите донесени од УО на ЈКП,,Пролетер,,-Ресен.

О б р а з л о ж е н и е

ЈКП,,Пролетер,,-Ресен е овластен давател на повеќе комуналните услуги на територијата на Општина Ресен и тоа: снабдување со вода за пиење, одведување на урбани отпадни води, пречистување на урбани отпадни води, собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домакинства, ЈПП, управување со гробиштата, организирање на зелен пазар и тн.

Давателот на комуналнта услуга е должен давањето на комуналните услуги да го врши постојано и квалитетно и да ги одржува системот во функционална и исправна состојба.

Во тој контекст, во насока на обезбедување на континуитет и квалитет во вршењето на услугата, во пракса многу чести беа барањата кои пристигнуваа од страна на корисниците за вршење на услуги од страна на давателот кои се поврзани со редовното вршење на комуналните дејности.

Имајќи предвид дека вршењето на погоренаведените услуги наведени во диспозитивот на одлуката за претпријатието не беа облигаторна, законска обврска, туку се обврска плус која со себе носи и дополнителен, голем трошок и финансиски товар за претпријатието, општ заклучок на УО беше дека треба да му се излезе во пресрет на барањата на корисниците под услов претпријатието да наплаќа цена/надоместок за извршената услуга, со што би се постигнал обостран ефект, а тоа е воспоставување самоодржлив систем на услуга со крајна цел поврат на трошоците и подобрување на квалитетот на услугата од една страна и задоволни корисници од друга страна и што е најважно да се постигне крајната цел а тоа да се испочитува начелото на универзаност на комуналните дејности.

Средствата од надоместоците како средства од самопридонес ќе се користат како извор за финансирање на комуналните дејности кои ги дава претпријатието.

Следствено на погоренаведеното, се утврдија цени за извршените услуги на барање од корисниците кои соодветствуваат со реалните на пазарот и се одлучи како погоре во диспозитивот на оваа одлука.

16.05.2024 год.
Ресен

Претседател на УО
Нане Ѓорѓиевски

## *С О Д Р Ж И Н А:*

1. Програма за измени на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ресен за 2024 година........................................стр. 2

2. Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект КП бр.1487 во КО Ресен вонград, на барање на Ерсан Исмаиловски од Ресен……………………………………………………………………стр. 4

3. Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко планската документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП бр.1487 во КО Ресен вонград, на барање на Биљал Исмаиловски од Ресен…………………………………………………………………………..стр. 7

4. Решение за разрешување на членови во Управен одбор во ЈКП „ Пролетер “ Ресен.....................................................................................………..........стр. 9

5. Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор во ЈЗУ “Здравствен дом“ Ресен...............................................................стр. 10

6. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за водна услуга „снабдување со вода за пиење-водоснабдување„ согласно која давателот на услугата ќе ја врши спрема крајните корисници во подрачјето каде истата се обезбедува и тоа во периодот од 2024-2026 година.......................................................................…...............................стр. 12

7. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за водна услуга „собирање и одведување на урбани отпадни води„ согласно која давателот на услугата ќе ја врши спрема крајните корисници во подрачјето каде истата се обезбедува и тоа во периодот од 2024-2026 година..стр.16

8. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цена за водна услуга „прочистување на отпадни води“ согласно која давателот на услугата ќе ја врши спрема крајните корисници со подрачјето каде истата се обезбедува и тоа во период од 2024-2026 година..........................стр.19

9. Одлука за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота на јавните површини во град Ресен...................................................................................стр. 22

10. Одлука за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместокот за одржување на гробно место (гробарина), висината на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и висината на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти во градот Ресен.........................стр. 26

11. Одлука за давање согласност на Одлуката со која се утврдува висината на надоместоците за вршење на услуги кои давателот ги дава кон корисниците на комунални услуги (физички и правни лица), а се поврзани со редовно вршење на комуналните дејности кои ги врши на територијата на Општина Ресен.........................................................................стр. 30

**Издавач:Општина Ресен**

**Тел:047-551-770**

**Буџетска сметка: 7600140754630 10**

**НБРМ Даночен број: 4024004107609**

**Матичен број: 6018572**